**20242654603**

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, издаваат

**УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА АКЦИЗИТЕ**

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за акцизите,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 18 декември 2024 година.

Бр. 08-6216/1
18 декември 2024 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Гордана Сиљановска-Давкова,** с.р.

Претседател на Собранието
на Република Северна
Македонија,
**Африм Гаши,** с.р.

**ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА АКЦИЗИТЕ**

Член 1

Во Законот за акцизите (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 108/19, 143/19, 225/19, 275/19, 77/21, 57/22 и 209/23) во член 10 во ставот (13) по точката на крајот од втората реченица се додаваат две нови реченици, кои гласат:

„Во случај на престанување на важењето на одобрението за акцизни обврзници за електрична енергија, природен гас, јаглен, кокс, лигнит и нафтен кокс од членот 114 од овој закон, акцизниот обврзник е должен да поднесе акцизна декларација и да ја плати акцизата во рок од 15 дена од денот на престанувањето на важењето на одобрението. За пресметката на акцизата, се применуваат акцизните стапки и износи кои се во сила на денот на престанување на важноста на одобрението.“.

Член 2

Во член 47 во ставот (3) зборовите: „Министерството за надворешни работи“ се заменуваат со зборовите: „Министерството за надворешни работи и надворешна трговија“.

Во ставот (11) зборовите: „Министерството за надворешни работи“ се заменуваат со зборовите: „Министерството за надворешни работи и надворешна трговија“.

Член 3

Во член 87 ставот (14) се менува и гласи:

„Рокот од ставот (11) на овој член може да се продолжи за дополнителни 30 дена во случаите на непредвидлива околност и неповолни настани поврзани со работењето на акцизниот обврзник, или за дополнителни 120 дена во случаите на виша сила, увоз на

тутунски производи од прекуокеански земји или неопходни технолошки барања на производствениот процес, по претходно одобрување од надлежниот царински орган по поднесено барање.“.

Член 4

Во насловот на членот 98-б зборовите: „гасно масло“ се заменуваат со зборовите: „обележано гасно масло“.

Во ставот (1) по точката на крајот од реченицата се додава нова реченица, која гласи:

„Рокот за поднесување на барањето е 12 месеци од денот на набавка или на увоз на обележаното гасно масло наменето за греење.“.

Член 5

Во член 118 ставот (1) се менува и гласи:

„За прекршоците утврдени во членот 116 ставови (1), ( 2), (3), (4), (5) и (6) од овој закон и за прекршоците утврдени во членот 117 ставови (1), (2), (3), (4), (5) и (6) од овој закон, прекршочна постапка води и прекршочна санкција изрекува прекршочниот орган утврден со Законот за Царинската управа.“.

Ставот (2) се менува и гласи:

„За прекршоците утврдени во членот 116 ставови (7), (8) и (9) од овој закон и за прекршоците утврдени во членот 117 ставови (7), (8) и (9) од овој закон, прекршочна постапка води и прекршочна санкција изрекува надлежен суд.“.

Член 6

(1) За производителите и увозниците на акцизните добра од членот 56 ставови (5) и (6) од овој закон, одредбите од членот 9 став (4), членот 10 ставови (2) и (4), членот 16 ставови (1) и (3), членот 32 став (2), членот 34 став (1), членот 64, членот 69 и членот 72 од овој закон нема да се применуваат од денот на влегувањето во сила на овој закон до 1 јануари 2032 година.

(2) За производителите и увозниците на акцизните добра од членот 92 став (3) точки 6), 7) и 8) од овој закон, одредбите од членот 9 став (4), членот 10 став (2) и членовите 106, 109, 112 и 114 од овој закон нема да се применуваат од денот на влегувањето во сила на овој закон до 1 јануари 2032 година.

Член 7

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.